Врз основа на член 16 од Статутот на ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести Св.Наум Охридски-Скопје, а во врска со е-меилот од Министерството за здравство на РМ од 2.11.2012 година, Управниот одбор на Клиниката на седницата одржана на ден 05.11.2012 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1.Управниот одбор начелно е согласен за донесување на Одлука за групна јавна набавка за Набавка на нова опрема( 2 дигитални рентген апарати за радиографија со флет панел детектор, 1 дигитален рентген апарат за флуороскопија, 1 мобилен дигитален РТГ апарат со флет панел, дигитална PACS архива, дијагностичка работна станица и дијагностичка работна станица за операциона сала (3+3), DICOM CD роборежач, радиолошки информационен систем) , во име и за сметка на Клиниката да ја спроведе Министерството за здравство, но од Министерството за здравство да ни се овозможи учество во изработката на техничката спецификација за истата да одговара на потребите на Клиниката.
2. Според податоците и проценката добиени од Министерството за здравство, вкупната вредност на набавката е 600.000 евра.
3. Набавката од точка 1 на Одлуката да се плаќа на 4 еднакви, рамномерни годишни рати, почнувајќи од 2013 година.
4. Да се зголеми буџетот на Клиниката за дополнителни средства за редовно одржување и сервисирање на новата опрема.
5.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.07-1924/1
05.11.2012 г.
С к о п ј е

УПРАВЕН ОДБОР
Претседател,
Проф.Др.Драгослав Младеновиќ

ДОСТАВЕНО ДО:
-Министерство за здравство
-директор на ЈЗУ
-правна служба
-економска служба
-документација
-архива